SOCOTAB
Leaf tobacco

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив** | **ПРОЦЕДУРА ЗА ВНИМАТЕЛНА АНАЛИЗА НА ДОБРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИКИ (ДЗП)** | | **Стр. 1 од 3** |
| **Тип на документ** | **Политика за одржливост на Групацијата** | **Документ бр.** | |
| **Ревизија бр.** | | **Важи од** | |
| **Составена од** | **МГА** | **Одобрена од** | |

| | |
|---|---|
| **1. ЦЕЛ** | Во доменот на одржливото тутунско производство и во врска со програмата за ДЗП, оваа процедура цели да се осигуриме дека се прави опсежен процес на внимателна анализа и дека, доколку е потребно, се преземаат соодветни дејствија за понатамошно следење. |

| | |
|---|---|
| **2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** | Проценките на внимателна анализа на ДЗП ќе се применуваат кај сите договорени фармери во нашиот синџир пред договарањето. Целта на процената на внимателната анализа е да се оцени дали потенцијалниот фармер ги следи стандардите за ДЗП.<br><br>Во случај на неусогласеност и врз основа на наоди, ќе се спроведе подлабока анализа и дефинитивно ќе се определи дали фармерот ќе се поддржи и ќе се продолжи со правење договор или ќе се воздржиме од склучување договор поради специфични околности. Овој процес се применува подеднакво кај сегашните и кај идните фармери.<br><br>Како резултат на процената, може да се спроведат корективни активности во согласност со фармерите кои сè уште целосно не се усогласиле во стандардите за ДЗП, но не покажуваат значителни прекршувања на принципите. Тие ќе се следат за да се мери напредокот на договорените активности. Процесот ќе се изведува транспарентно и правично. За таа цел, секоја акција што треба да се преземе ќе биде соопштена официјално написмено преку било кое од средствата што се достапни во моментот. Важноста за усогласување со стандардите за ДЗП јасно ќе им биде пренесена на фармерите. Натамошни проверки на познавањето на програмата за ДЗП, вклучително внимателната анализа и последователното управување ќе се изведуваат преку ненајавени посети од страна на назначени оддели и персонал.<br><br>На крајот на секоја договорна година ажурирани податоци ќе се собираат за секој фармер и ако се најде за потребно, ќе се применат санкции, како што е наведено во следниот сегмент. |

| | |
|---|---|
| **3. САНКЦИИ** | Нема да се потпишуваат договори со фармери кај кои ќе се открие било која од наведените нерегуларности. Во случај на откривање на нерегуларност во текот на сезоната, договорот ќе се откаже ако е можно.<br>• Секоја работа поврзана со тутун за вработени деца под 15 години.<br>• Физичко казнување, сексуална злоупотреба или сексуално вознемирување.<br>• Бремени жени/доилки да ракуваат или да прскаат со заштитни средства.<br>Фармери што имаат постојано прашања за итна акција (ПИА) или повеќе поголеми неусогласености според листата подолу ќе се опоменат дека |

| | |
|---|---|
| | договорот ќе подлежи на процес на наша ревизија на последователно управување.<br>• Секоја работа за деца под 13 години.<br>• Било какви ризични задачи што ги извршуваат деца или млади на возраст под 18 години.<br>• Работници принудени да работат надвор од работни саати без нивна согласност.<br>• Платите на работниците (вклучително привремени, на норма, сезонски и мигранти) што не ги исполнуваат минималните национални стандарди или стандардите во земјоделието.<br>• Нередовно плаќање на плати на работниците или ако не се во согласност со законите во државата.<br>• Било кој вид на дискриминација.<br>• Физичка или вербална злоупотреба.<br>• Работниците да не можат да ја напуштат фармата поради долг или други прашања поврзани со плаќање.<br>• Работниците ако се постојано под стража или надгледувани.<br>• Работниците ако се измамени или излажани за условите на вработувањето.<br>• Фармерите ако им ги задржуваат документите за идентификација на работниците.<br>• Лице(а) што работат или прскаат со заштитни средства без соодветна лична заштитна опрема.<br>• Лице(а) што работат со тутун без соодветна лична заштитна опрема.<br>• Ако сместувањето на работниците не е безбедно или не ги исполнува минималните стандарди на државата.<br>При сомневање за екстремни прекршоци, кои обично вклучуваат криминални ситуации, ќе се следи соодветната процедура за екстремни прекршоци.<br>Екстремните прекршоци вклучуваат, но не се ограничуваат само на:<br>• Сериозна опасност по животот, по екстремитетите или слободата на поединечен носител на право преку намерни дејствија од други.<br>• Принудна работа, ропство, трговија со луѓе, тешка и систематска злоупотреба и потешки форми на детски труд.<br>• Сексуална злоупотреба. |

| | |
|---|---|
| **4. ЗАПИСИ** | Координаторите за ДЗП во компанијата се одговорни за запишување и анализирање на ПИА и нивно класифицирање според тежина и според честота. Резултатите од анализите ќе се споделуваат со Менаџерот по тутунов лист, пред периодот на договарање, за упатување и определување на процесот на договарање. Притоа, листата на фармери што не ги исполнуваат условите |

| | |
|---|---|
| | ќе се сподели со Локалниот тим за одржливост заради целосна транспарентност.<br><br>Ако се оцени исполнување на условите за прекин на договорот во текот на сезоната, ќе се издаде информација во два примероци потпишана од двете страни, од фармерот и од Сокотаб при што секоја договорна страна ќе си задржи по еден потпишан примерок.<br><br>Во случај фармерот да одбие за потпише согласност за прекин, предметот ќе биде доставен до локалниот Генерален директор.<br><br>Официјален запис од сите акции и релевантни информации поврзани со оваа политика и нејзиното извршување ќе има во секоја филијала на Сокотаб што прави договори за тутун и негово следење. |